Република Северна Македонија
Државно правобранителство на
Република Северна Македонија

Republika e Maqedonisë së Veriut
Avokatura Shtetërore e Republikës
së Maqedonisë së Veriut

ДП Бр 02-123/19
Скопје , 22.02.2019 година

Државно правобранителство
на Република Северна Македонија
Бул. Гоце Делчев бр.18
1000 Скопје
Тел.02/3230-214,3230-217
Фах. 02/3229-351
e-mail. dpskopje@dpm.gov.mk

Врз основа на член 9 став 1 од Законот за државното правобранителство (Сл. Весник на РМ бр. 87/07 и 104/15), а поради несметано одвивање на работниот процес , Државниот правобранител на Република Северна Македонија, ја донесе следната

# ОДЛУКА

## за определување време за прием на пошта во Државното правобранителство на Република Северна Македонија

1. Во Државно правобранителство на Република Северна Македонија прием на поштата во приемно одделение ќе започнува во 9,30 часот и ќе трае до 14,00 часот.

По истекот на периодот определен за прием на пошта , истата нема да се прима од страна на приемно одделение на Државно правобранителство на Република Северна Македонија.

2. Во периодот од 14,00 часот до 15,30 часот, и наредниот ден од 7,30 часот до 9,30 часот, од страна на приемното одделение и архивата поштата е потребно да се прими, заведе, спреми односно спои со соодветниот предмет, заведе во интерните книги и наредниот ден до 9,30 часот да се достави до надлежните државни правобранители.

Да се врши задолжително раздолжување во интерните книги при враќање на предметите во архивата.

3. Оваа одлука да се објави на веб страната на Државното правобранителство на Република Македонија, на огласна табла, на влезните врати на сите подрачја, и за истата да се извести Владата на Република Македонија, сите подрачја на Државното правобранителство на Република Македонија, сите органи и институции.

4. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 01.03.2019 година..

Изработил:
Генерален секретар
Андријана Сливоска

ДРЖАВЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
**Фехми Стафа**

Доставено до:
-сите подрачја на Државното правобранителство на Република Северна Македонија- за сите вработени
-веб страна
- огласна табла
-Влада на Република Северна Македонија
-сите органи и институции
-во предмет